# УЧИЛИШНИТЕ ОЛИМПИСКИ ИГРИ ДОБРА ОСНОВА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТСКИ ОЛИМПИСКИ ИГРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Александар Туфекчиевски**
**Факултет за физичка култура – Скопје**

**АПСТРАКТ**

Имајќи го предвид позитивното искуство од Училишните олимписки игри, односно Малите олимписки игри за основните и Гимназијадите за средните училишта, како и зголемениот број Универзитети, создадена е реална основа за организирање и на Универзитетски олимписки игри во Република Македонија.

Сведоци сме дека современото спортско организирање преку олимпискското движење, односно преку летните и зимските Олимписки игри претставува огромна социолошка сила насочена кон мирот и подобрата иднина во целиот свет. Ова позитивно спортско движење во Република Македонија традиционално се негува примарно со учеството на нашата земја на Олимписките игри, како и преку организирање на поголем број масовни спортски манифестации со олимписка порака.

Во изминатата деценија по осамостојувањето на Република Македонија, Училишните олимписки игри се едни од најмасовните спортски натпревари, каде учениците од основните училишта во непарните години учествуваат на Малите олимписки игри, а учениците од средните училишта во парните години учествуваат на Гимназијадите. Ова организирање во образовниот систем претставува позитивен пример за масовно покренување на младата генерација за прифаќање на спортот како здрава содржина. Имено, искуството покажува дека Училишните олимписки игри создаваат голем мотив кај учениците за масовно ангажирање во училишниот спорт, не само во редовната настава, туку и во дополнителните програми на училишните спортски друштва. Ова, особено е присутно кај учениците од основните училишта кои во добар дел се вклучуваат и во клубскиот спортски систем. Малите олимписки игри од основното образование прераснуваат во Гимназијади за средното образование, каде на меѓународен план е овозможено вертикално учество на нашата земја на светски Гимназијади кои се одржуваат на секои четири години.

Имајќи го предвид организацискиот модел за олимписките игри во училишниот спорт и во основното и во средното образование, се наметнува логичка потреба за организирање на олимписки игри и во универзитетскиот спорт на секои две години. Овие Универзитетски (студентски) олимписки игри, односно Универзијади би овозможиле учество на сите студенти кои претходно поминале низ системот училишен спорт, а се и во клубскиот спорт. Особено во последниве години, кога се отворија нови Универзитети во Република Македонија, потребата од системско организирање во универзитетскиот спорт сигуро е зголемена, а Студентските олимписки игри – Универзијадите би претставувале влечна сила за помасовно спортско ангажирање на студентите и активно учество на нашата земја на светските Универзијади.

Врз основа на предходните констатации потребна е иницијатива во организациите кои се директно или индиректно поврзани со универзитетскиот спорт за организирање на Универзијади како надградба на Малите олимписки игри и Гимназијадите.

# SCHOOL OLIMPIC GAMES GOOD BASE FOR ORGANIZING THE UNIVERSITY OLIMPIC GAMES IN REPUBLIC OF MACEDONIA

**Aleksandar Tufekchievski**
**Faculty of Physical Education – Skopje**

**ABSTRACT**

Considering the positive experience from school olimpic games, i.e. Small olimpic games for primary and Gymnasiade for high schools as the increased number of Universities, it is created real base to organizing also an University olimpic games in Republic of Macedonia.



**Александар Туфекчиевски, д-р**
**Институција:** Факултет за физичка култура – Скопје
**Адреса:** ул. Железничка бб, 1000 Скопје
**Е-пошта:** biotufek@yahoo.com
**Веб страна:** www.biomehanika.com.mk